Даринка ПЕТРЕСКА

**УДК: 325.83(487.7)(091)**

# КОНЦЕПЦИИТЕ ЗА ОСТВАРУВАЊЕ НА МАКЕДОНСКА ДРЖАВА МЕЃУ ДВЕТЕ СВЕТСКИ ВОЈНИ И КОНСТИТУИРАЊЕТО НА АСНОМСКА МАКЕДОНИЈА КАКО НАЦИОНАЛНА ДРЖАВА НА МАКЕДОНСКИОТ НАРОД

**Кратка содржина**

*Од појавата на организираното македонско националноослободително и револуционерно движење во последните децении на XIX век до формирањето на асномска Македонија, една од најважните определби на македонските револуционери, водечки политички и национални сили и патриоти, било реализирањето на платформата за конституирање македонска држава.*

*Како резултат на поволните објективни услови, создадени во текот на Втората светска војна, со учеството на македонскиот народ во рамките и антифашистичката коалиција на демократските и на слободољубивите народи во светот и цврстата решеност на субјективниот фактор – раководните сили на македонското националноослободително движење да опстојат на признавањето на националниот идентитет на Македонците во рамките на движењата на отпорот во балканските земји, посебно во Југославија, се реализира концепцијата за македонска национална држава.*

***Клучни зборови:*** *МАКЕДОНИЈА, ДРЖАВА, НАЦИЈА, АВТОНОМИЈА, НЕЗАВИСНОСТ, ФЕДЕРАЦИЈА, ОРГАНИЗАЦИЈА, ДРУШТВО, ГРУПА, ПРОГРАМА, КОНЦЕПЦИЈА, ПЛАТФОРМА, АСНОМ.*

Од појавата на македонското националноослободително и револуционерно движење во последните децении на XIX век до формирањето на асномска Македонија на 2 август 1944 година, една од најважните определби на македонските револуционери, водечки политички и национални сили и патриоти, беше реализирањето на концепцијата за конституирање македонска држава.

Во рамките на државнополитичките програми на македонските организации, друштва, групи, поединци, се оформуваа и се предлагаа повеќе концепции, но најприсутни биле две, едната за

политичка автономија и за државност на Македонија, а другата за националнополитичка слобода и за македонска национална држава. Во одделни периоди во седумдесеттите години на XIX и на почетокот од XX век, преку востанија, за кратко време и делумно биле реализирани концепциите за македонска државност. Првата јасна определба за остварување на македонската државност преку оружен отпор, ослободување и формирање нова власт се појави во времето на големата Источна криза. Тогаш и другите балкански народи бараа меѓународно признавање на веќе постојните автономни области во османската империја или кренаа востанија за постигнување на автономни или на наполно суверени национални држави.[1] Македонскиот народ тоа го направи со Разловечкото (1876) и Македонско-кресненското востание (1878). Со нив, првата македонска генерација македонски државотворци од втората половина на XIX век, на чело со водачот на двете македонски востанија Димитар Поп Георгиев Беровски, ги започна борбите за „*слободна Македонија и создавање на македонска држава*".[2] Создавањето пак на револуционерната власт и програмските документи донесени за време на Кресненското востание, документите од 1880 година од Македонската лига и, посебно, Органскиот устав на Македонија, според оценките на теоретичарите на правната наука, „*претставуваат значајни историско-правни документи и искуства во конституирањето на македонската државност*".[3]

[1] За време на Источната криза (1875–1881 г), српскиот и црногорскиот народ добија меѓународна верификација на своите национални држави. Се крена Босанско-херцеговското востание за отфрлање на османлиската власт. Априлското востание во Бугарија и ангажирањето на Русија, доведоа до конституирање на автономно Кнежевство Бугарија.

[2] Поповски, В.: Ослободителниот и државотворниот карактер на востанијата и на другите форми на македонското ослободително движење во периодот на големата Источна криза: Војводата Иљо Марков-Малешевски и неговото време. Во: Прилози од научниот собир, со меѓународно учество одржан на 06. 07 мај 2000 година во Берово. Берово 2002, 49–54; Поповски В.: Државотворниот и националниот карактер на Разловечкото и Кресненското востание, 125 години од Разловечкото востание. Во: Прилози од научната трибина одржана на 20 мај 2001 година во Берово. Берово: Дом на Културата „Димитар *Беровски*" Берово, 2002, 16–20.

[3] Александар Т. Христов: Компаративна анализа на државно-правната концепција на македонското револуционерно движење и АСНОМ (1878–1941), Во: АСНОМ во создавањето на државноста на македонскиот народ: реферати од научниот собир, одржан од 29 до 31 октомври 1984 година, во Скопје. Скопје: МАНУ, 1987, 26.

Со ослободувањето на Крушево, Невеска и Клисура, но посебно со организирањето на власта во Крушево – Крушевската Република, со сите белези на македонска држава и со напуштањето на степенот на автономија, според член 23 од Берлинскиот конгрес и готовноста за отцепување од османлиската држава, востаниците внеле *„нова димензија во идната државноправна положба на Македонија, надминувајќи ги рамките на автономниот статус на Македонија“*.[4]

Обидот на дел од македонските револуционерни сили да искористат легални форми и средства за време на Младотурската револуција од 1908 година за постигнување административно-политичка автономија, не успеа во рамките на преуредена Турција, независно од краткотрајноста на соработката со младотурците кои го правеа првиот чекор во практика да ги спроведат своите граѓански и демократски идеи за братство, еднаквост и слобода, тоа остави искуства во понатамошното доразработување и допрецизирање на правнополитичката мисла и во државотворната програма на македонските националнополитички и револуционерни сили, во наредните децении на XX век.

Македонскиот народ, и покрај неговото учество во балканските и во Првата светска војна, не успеа да оствари своја државност. По завршувањето на Првата светска војна, остана без своја национална држава, поделен меѓу балканските држави, ниту во една од нив не бил признат ниту како посебен народ ниту како македонско национално малцинство. Врз Македонците се спроведува асимилирање или се иселувани од нивната поделена татковина и од сопствените домови.

Во таква положба, македонските револуционерни и политички сили продолжиле да се ангажираат да се, организираат и да се пројавуваат преку различни форми и начини на борба за остварување на државноста на македонскиот народ. Иако тоа било присутно низ целиот период меѓу двете светски војни, интензитетот на предлозите, на дискусиите, на полемиките, околу карактерот на македонската државност, носителот на суверенитетот, начинот на нејзиното реализирање и односот со другите држави на Балканот, се актуализирале во годините кога се случувале поголеми настани на меѓународната дипломатска и политичка

[4] Ibidem, 27.

сцена или кога се заострувале односите меѓу балканските држави околу границите и околу македонското прашање, или, пак, кога во редовите на македонското револуционерно движење или среде македонските легални политички сили, се случувале забележителни превирања, престројувања, идеолошки прегрупирања и слично. Меѓу нив, треба да се акцентираат 1918/1919 година со крајот на Првата светска војна и со Версајската мировна конференција, 1921/1922 година, со појавата на македонското федеративно движење и со актуализирањето на македонското прашање во Друштвото на народите и, особено, пред меѓународните конференции и форуми на кои се расправало за правата на народите и за националните малцинства, во 1923/1925 година со преговорите водени меѓу одделни македонски асоцијации, со посредство на СССР и на Коминтерната и со создавањето на ВМРО (об), во 1929 година, поради засилените убиства помеѓу двете крила на ВМРО, михајловисти и протогеровисти, и струењата во раководството на ВМРО (об) околу комунистичката и чисто националната ориентација на оваа организација и патот и начинот на остварувањето на македонската државност, во 1934/1935 година, со јасно определената национална посебност на македонскиот народ - македонската нација – и со паралелните појави и барања за конституирање на национална држава и за остварување на националнокултурните права на Македонците во балканските држави, согласно со меѓународните стандарди за правата на националните малцинства, поддржани, повеќе или помалку, и од комунистичките партии во тие држави кои ги остваруваа определбите за создавање народни фронтови во борбата против надвиснататата опасност од фашизмот и нацизмот во Европа.

Најприсутни биле концепциите за политичка автономија на Македонија, независна македонска држава, со можност за влегување во балканска или јужнословенска, или југословенска федерација, а по поделбата на Македонија во 1913 година, и обединување и конституирање на македонска држава на целата географска и етнографска територија на Македонија. По однос на внатрешното уредување се појавувале исто така различни концепции, од уредување, како единствена унитарна национална држава, до унитарна граѓанска држава со еднакви права за сите граѓани, без разлика на народност, вера и јазик, до нејзино внатрешно уредување како федерација, по примерот на Швајцарија.

Кон крајот на Првата светска војна и за време на подготовките за Мировната конференција, октомври – декември 1918 година, сред е македонските револуционерни и политички сили, кои се нашле во границите на Бугарија, се профилирале двете главни групации од легални и нелегални македонски дејци, со спротивставени идеи, барања и нудење перспективи на македонската емиграција и на македонскиот народ. Едната ја претставувале серчани и дел од револуционерите од Западна Македонија, од поранешните Битолски и Скопски револуционерен округ кои се солидаризирале со определбите и со барањата на серчани во *Декларацијата за решавање на македонското прашање*.[5] Тие, заедно, во почетокот на 1919 г., се конституирале во „Привременото претставништво на Бившата обединета ВМРО“ на чело со Димо Хаџи Димов и Ѓорче Петров.[6] Серчани и Привременото претставништво, во своите определби, поаѓале од правото на народите на самоопределување, прокламирано во Вилсоновите 14 точки, Македонија да добие право на конституирање како посебна државнополитичка единица, во нејзините географски и економски граници, како автономна држава која, во првите години до нејзиното внатрешно и надворешно стабилизирање, не биде под протекторат на САД. По однос на внатарешното уредување, на македонската држава, го прифаќале демократското и граѓанското уредување по примерот на швајцарската федеративна република, а ја манифестирале и готовноста за влегување во една балканска федерација, како федерација на слободни и рамноправни конститутивни

---

[5] Назадъ къмъ автономията. София 1919, 3; (Во Декларацијата, серчани изјавиле дека ги зеле предвид негативните искуства и поуките од балканските војни и од големата светска војна кои предизвикале делби на Македонија и страдања на македонскиот и на сите балкански народи и, поради тоа, сметале дека единствено спасоносно решение за иднината на Македонија и на Балканот е реализирањето на идејата за конституирање на Македонија во една автономна државнополитичка единица во нејзините географски и етнографски граници и во рамките на една демократска балканска федерација. Македонија да се уреди по примерот на швајцарската федеративна република со еднакви права и слободи за сите граѓани, а нејзината неутралност да се гарантира од слободните народи. Со тоа ќе се парализираат и ќе се надминат сите национализми и идеи за присоединување на Македонија кон која било балканска држава).

[6] Раководството на Привременото претставништво го сочинувале: Ѓорче Петров, Димо Хаџи Димов, Павел Христов, Таската Спасов Серски, Михаил Герџиков и Петар Ацев.

народи. Според еден од современиците и учесници во тие настани, Павел Делирадев, серчани го издигнале уште повисоко знамето на Јане Сандански и зад фигуративното *Назад кон автономијата*, свушност, стоела определбата *„напред кон слобода, единство, независност и федерација"*[7]. Тие барања за одделна автономна или независна македонска држава на целата географска, економска и етнографска територија на Македонија биле претставени и пред владите и делегациите на големите сили, учеснички на Версајската мировна конференција.[8] Изнесените определби биле сосема спротивни на големобугарската државна политика и на залагањата на врховистите за присоединување на цела Македонија кон Бугарија.

Другата групација ја сочинувале легалните раководни сили од Извршниот комитет на македонските емигрантски братства, на чие чело, до 24 ноември 1918 година, се наоѓал е Александар Протогеров а потоа Иван Каранџулов кои добиле поддршка и од раководните сили околу двајцата членови на ЦК на ВМОРО избрани во 1911 година, Тодор Александров и Александар Протогеров. Тие, во почетокот, барале присоединување на Македонија кон Бугарија. Тоа барање требало да се упати и пред Мировната конференција во Париз.[9] Подоцна, во средината на 1919 година, и тие сили еволуирале кон барањето за автономна Македонија.

[7] Павел Делирадев: Чрез раскъсване към обединение. Во: Македонска мисъл, орган на Македонкия научен институт, София, септември-октомври 1946, II/1-2, 12.

[8] На 25 ноември 1918 г., групата револуционери од старата ВМОРО, на чело со Ѓорче Петров, уште пред организационото обединување со серчани, го испратиле во Париз Пол Христов, викар на унијатите од Тракија, по потекло Французин, да ги пренесе и со аргументи да ги поткрепи барањата на македонскиот народ за создавање автономна – независна Македонија, пред француската и светската јавност и, особено, пред учесниците на претстојната Мировна конференција. Тој настојувал таа задача да ја исполни најсовесно и најпредано. (За таа активност види: Из дейноста на нашия пъномошник въ Париж. Во. Бюлетинъ на Временното претставителство на обединената бивша ВМРО, София 1919/3; Христо Андонов Полјански: Велика Британија и македонското прашање на Париската мировна конференција во 1919 година. Скопје 1973, 20-21; Љубен Лапе: Идејните основи на Привременото претставништво на бившата обединета Внатрешна македонска револуционерна организација и неговата активност на Париската мировна конференција 1919 година. Во: Историја, Скопје, 1973, IX/2, 55).

[9] На 20 октомври 1918 г., на втората средба на дел од пробугарски ориентираните раководни сили на македонската емиграција во Софија било решено

Во исто време, силна политичка активност покажале и македонските интелектуални сили во Швајцарија. На 15 декември 1918 година, во Лозана, била одржана конференција со делегати од македонските друштва[10] на која бил конституиран Генералниот совет (Главен одбор) на македонските друштва во Швајцарија чија главна цел била запознавање на владите на државите од Антантата и јавното мислење во светот со барањата на Македонците за признавање правото на Македонија на самоопределување, повикувајќи се на принципот во 14 точки, на претстедателот на САД Вудро Вилсон, и конституирање на посебна македонска држава која, потоа, може да влезе во една балканска федерација.[11]

Во отворените полемики меѓу споменатите спротивставени групации околу легитимитетот на македонските раководни сили, кој може да ги претстави барањата на Македонците пред Мировната конференција во Париз, биле изнесени многу идејни и политички квалификации, но биле присутни и лични навреди и дисквалификации. Притоа, биле искажани и повеќе мислења околу носителот на суверенитетот на македонската државност: дали носители на суверенитетот да бидат сите граѓани, односно македонското население, без разлика на етничка, верска и политичка припадност, дали да биде национална држава со мнозинско „бугарско“ население или македонска национална држава со македонски народ. Иако дел од македонските революционерни и политички сили се залагале за македонска унитарна држава со еднакви права

---

од Мировната конференција во Париз *да се бара присоединување на Македонија кон Бугарија.* 22–24 ноември 1918 година, на собирот за обновување на работата на Извршниот (Исполнителниот) комитет, како раководно тело на легалните македонски емигрантски братства во Бугарија за нов претседател бил избран Иван Каранџулов и било решено комитетот да се залага за: *„1. неделивост на Македонија и 2. нејзино присоединување кон Бугарија“.* (Кои сѫ самозванците, Едно обяснение на македонските бразтва. София, май 1919, 6–7; Даринка Пачемска Петреска: ВМРО 1918–1934, Хронологија. Скопје: Филозофски Факултет, 2004, 14–16).

[10] Делегатите биле избрани од: „Македонија“-Друштво за одбарана на правата на Македонците од Лозана, „Македонското друштво за независност на Македонија“ од Женева и друштвото „Македонија на Македонците“ од Цирих.

[11] Љубен Лапе: Активноста на Главниот одбор на македонските друштва во Швајцарија и 1918–1919 и документацијата за тоа. Во: Гласник на Институтот за национална историја (ини), Скопје, IX/1, 131–136.

за сите граѓани, а друг дел за македонска држава уредена по примерот на Швајцарија, исто така со еднакви права за сите граѓани, јасно не се промовирал македонскиот народ, како посебен етникум, од кој ќе произлезе носителот на суверенитетот на македонската држава. Но, сепак, и во текот на 1919 година, веќе биле правени напори да се промовира постоењето на македонскиот народ и тој да биде носител на суверенитетот, односно држава-нација, не како политичка, туку како национална државна заедница.

Впрочем, тоа ќе се провлекува низ целиот натамошен период, сè до средината на 30-тите години кога левоориентираните македонски политички и национални сили кои застанаа решително зад постоењето на македонската нација како примарен носител на државниот суверенитет.

Уште во текот на 1919 година се јавиле обиди за разгледување на македонското прашање не само како политичко туку и како национално, а од тоа произлегувало и сфаќањето за македонската национална држава. Првите сигнали доаѓале од страна на оние сили кои се изјасниле против какво било присоединување кон Бугарија и кон која било друга балканска држава, а иницирањето и актуализирањето на прашањето за создавање македонска држава на Балканот да си остане како и во минатото, дело на самите Македонци. Таква тенденција била присутна кај серчани, а неа ја согледувале и ја оценувале и нивните најголеми идејни и политички противници – раководните структури од ВМРО. Т. Александров кој како задграничен претставник, заедно со А. Протогеров, ги поддржувал барањата на Извршниот комитет на македонските братства, во едно свое писмо, од 6 јули 1919 година, отакако со жалење констатирал дека не можело да се оствари обединувањето на Бугарите од слободна Бугарија и оние од Македонија, дека поради неможноста од остварувањето на обединувањето на Македонија со Бугарија, била прифатена автономијата на Македонија. Според Т. Александров, автономијата ја прифатиле најмногу нивните противници Димо Хаџи Димов, Ѓорче Петров, Михаил Герџиков и „*сандანистите – предавници на бугарскиот народ, кои и во минатото и сега, зборуваат и агитираат дека треба да се бара автономија на Македонија, зашто таа е одделна економска и географска единица, со посебен 'македонски народ', со своја историја од векови* (наваму, б. Д. П...)". По однос на реше-

носта на серчани да се борат за одделна македонска држава, Т. Александров ја наведува нивната определба *„ако, по чудо и биде дадена цела Македонија на Бугарија, ние ќе се бориме со оружје в рака, за да не го дозволиме тоа обединување“*.[12]

Во наредниот период, кога се заостриле полемиките и разногласијата меѓу легалните македонски емигрантски сили, собрани во македонските братства во Бугарија, се профилирала една опозиција и истата се одвоила и, во 1920 година, се конституирала во Привремена комисија на македонската емиграција во Бугарија. Со тоа започнал процесот на формирањето на нова Македонска емигрантска федеративна организација (МЕФО), а дискусиите и полемиките околу ослободувањето на Македонија и конституирањето на идната македонска држава уште повеќе ги поларизирало силите околу нејзиниот народен, национален карактер. Најголемиот дел од поранешните врховистички сили и доследните приврзаници на тезата застапувана од бугарските културно-просветни и црковни институции за „бугарскиот карактер“ на словенското население во Македонија, и понатаму поаѓале од таа определба и барале национално ослободување (но како на бугарско насление) на Македонија и нејзино уредување како единствена автономна единица во која и припадниците на другите народности ќе ги уживаат сите политички и културни права. Извршниот комитетн, во своите петиции до Друштвото на народите, покрај барањето за автономна Македонија, барал и права за „бугарското“ малцинство во Македонија под српска власт.

Раководството на МЕФО, во почетокот, исто така не направило голем чекор напред во проучувањето на македонската национална посебност и во разјаснувањето на последиците од соседните пропаганди во Македонија кои имале за цел да го задушат македонското народно чувство и да му наметнат бугарско име на македонското христијанско население во Македонија. Но, сепак, програмските ставови на МЕФО се разликувале во начинот на сфаќањето на македонското ослободително дело, како народно, на сите народности што живеат во Македонија, односно уредување на идната автономна или независна македонска држава како политичка граѓанска држава, со еднакви права за припадниците

[12] Сè за Македонија – Документи 1919–1924. Избор, предговор и редакција проф. д-р Зоран Тодоровски. Скопје: Аналитико-ЛИ, 2005, 453.

на сите народности што ја населуваат, или пак уредување на истата како македонска федерална држава по примерот на Швајцарија. Такви активности презеле и пред повеќе меѓународни, асоцијации кои се занимавале со правата на малцинствата и на индивидуалните човекови права. Посебно активен во тоа бил членот на Федеративниот комитет на МЕФО, архитект Никола Јуруков. Федеративниот комитет почнал да објавува и посебни изданија кои го третирале тоа прашање.[13] Нивните ставови ги изнесувал и Македонецот д-р Трифун Грековски кој се наоѓал во Швајцарија. Во својство на член на Меѓународното биро за правата на народите и секретар на Комисијата за Македонија, Грековски го посетил секретарот на Друштвото на народите и му врачил Меморандум по македонското прашање во кој било изнесено дека мнозинството од Македонците барале независност на Македонија со една администрација по примерот на демократска Швајцарија, а под покровителство на Друштвото на народите.[14] Во неможноста да излезат од тој круг на потисната македонска национална посебност, направен од наметнатото бугарско име, федералистите сметале дека тоа е најдобриот пат да ја докажат самостојноста на македонското ослободително дело и да не се нагласува „бугарскиот“ карактер на македонското население, што најчесто се употребувало при нагласувањето врховистичката цел за обединување на Македонија со Бугарија.

Меѓутоа, на таа активност веднаш реагирале претставниците на Извршниот комитет на македонските братства и од ВМРО автономистичка. Тие објаснувале дека во Македонија нема објективни услови за уредувањето на идната македонска држава по урнек на кантоналното уредување на швајцарската федеративна република затоа што тешко можело да се најде крај во Македонија со чисто еднонационално население. Во таа полемика околу административното и политичкото уредување на идната ма-

---

[13] Международните конгреси и македонския въпрос. София: Библиотека No 1 на Македонския федеративен комитет, 1922. (Мотото на оваа едиција било: „Независна федеративна Македонија како рамноправен член на Балканската федерација! – е политичкото верују на Македонците без разлика на вера и народност.“).

[14] Кушевски Д. В.: Државноста на македонскиот народ – една од претпоставките за покренување на македонското прашање пред Друштвото на народите и пред некои други меѓународни конференции меѓу двете дветски војни. Во: АСНОМ во создавањето на државата на македонскиот народ: Скопје, МАНУ, 1987, 53.

кедонска држава заслужува да се истакне теоретската статија на Георги Баждаров, задграничен претставник на ВМРО, околу настанувањето на федерациите и конфедерациите во светот и посебно на историјата на Швајцарската Конфедерација, која не може да се примени во Македонија. Повикувајќи се на етнографскиот состав на населението на Македонија и како мултикултурна земја, а во согласност со *„современата политичка наука и практика“*, тој сметал дека рамноправност на народностите треба да се обезбеди преку *„**екстериторијална културна автономија**"* (подвлечено во оригиналот б. Д.П.) *т.е. народностите расрснати низ целата територија да имаат своја просвета и, воопшто, културна организација, онака како што е во САД, и како што беше во европска Турција“*.[15] На крајот, авторот се прашува зошто вештачки да се дели Македонија на одделни државички кога сите *„сметаме дека Македонија претставува една географска и економска целина – со општ центар Солун.“*[16]

Во тие дискусии и полемики околу државноста на македонскиот народ од страна на МЕФО, најмногу се пројавува Владислав (Славчо) Ковачев[17] кој, уште во 1919 година, во својата брошура

[15] Г. Георги Баждаров: Федеративна Македония ли? Во: Македония, политическо, научно и литературно списание, София септември 1922, год.1., кн VII. 12. (Спротивставувајќи се на федеративно уредување на идната македонска држава, Баждаров прашува дали нема повторно да се разбудат апетитите на балканските држави, секоја да присоедини кантони – Албанија, западните, Грција, јужните, Бугарија, северните итн.).

[16] Ibidem,

[17] Владислав Ковачев: Поилитичкото верују на Македонците. Предговор и редакција: Д-р Зоран Тодоровски, Скопје 2000, 7–48. Владислав (Славчо) Ковачев е роден на 5 јануари 1875 година, во Штип. Во Софија, каде што емигрирало неговото семејство, Владислав завршил гимназија и воено училиште. Тој влегол во македонското националноослободително движење уште во 1895 г., прво, во редовите на Врховниот комитет, но за време на поделбите и струењата во него, се изјзснил против врховизмот на Врховниот комитет на Иван Цончев и останал „сарафист“. Учествувал во Илинденското востание, како војвода во Скопскиот револуционерен округ, а по востанието се искажал за зачувавње на независноста на организацијата и за оствaрување на принципот „Македонија на Македонците“. Од 1904 до 1909 година, студирал правни науки во Париз, а во 1911 г. докторирал во Брисел. Се вратил во Бугарија и учествувал во балканските војни во редовите на Македонско-одринското доброволство. По Првата светска војна, се пројавува како еден од најсмелите промотори на посебноста на македонското национално дело и на концепцијата за единствена автономна и независна национална македонска држава. Бил дел од раководството на Привремената комисија, на МЕФО и на Илинденската организација. Работел како судија и како адвокат во Софија. Бил убиен пред својот дом, на 13 септември 1925 г., од припадникот на ВМРО Мирчо Кикиритков, од Штип.

*Автономна Македонија*, јасно се определил за самостојноста на македонското националноослободително дело и за остварување на автономна Македонија, како одделна, самостојна политичка единица, под гаранција на Друштвото на народите.[18] Како доктор на правните науки, судија и адвокат, теоретски подготвен и со големо познавање на македонското националноослободителното движење како негов долгогодишен учесник, оставил меродавни ставови и оценки за националната и за државно-политичката програма. Тој најмногу се доближува до национално-политичката суштина на барањата за конституирање на македонска државност на целата етничка, географска и стопанска територија на Македонија, со македонска нација, односно го потенцира современото гледање на државата и на нацијата, како држава-нација, Македонија на Македонците, со еднакви права на сите граѓани во неа. Неговото гледиште за тоа е следното: *„Што се однесува до терминот 'Македонци' треба да се признае дека, под тој термин, досега, сме подразбирале македонски Бугари, како таков, тој термин имал строг етнички карактер. А идејата за создавање самостојна Македонија, веќе прифатена од македонското население како државничка идеја, императивно бара на тој термин да му се даде национален карактер. И ние искрено сакаме македонското население длабоко да проникне од сознанието за својата припадност кон општата нација, најприфатливиот израз што ни го дава терминот 'Македонци' “.*[19] По ова извонредно јасно дефинирање на македонска држава – македонска нација, С. Ковачев изнесува дека идеолозите и приврзаниците на лозунгот Македонија на Македонците вдахновени, од јасната и категорична смисла на термините Македонија и Македонци, не прават од нив фикција *„туку ги сметаат како точна и целосна карактеристика на нивното политичко барање – создавање самостојна Македонија“.*[20] По однос на иднината на Балканот, Ковачев се изјаснил за *„Независна Македонија како рамноправен член на Балканската федерација*“ со што ќе се реши и „Гордиевиот јазол“ на Балканот.[21]

---

[18] Владиславъ Ковачевъ: Автономна Македония. София 1919, 6–16.

[19] В. Ковачевъ: Автономната идея и макед. националности. Во: Автономна Македония, бр. 8, 21. 01. 1921, 1.

[20] Ibidem.

[21] Владислав Ковачев: Поилитичкото верују на Македонците. бр. цит., 2000, 7–48.

Овие теоретски разјаснувања на термините Македонец, Македонија, македонска држава, македонска нација, нација-држава, и покрај тоа што доаѓале од еден правник со европско образование, кој ги проучувал настанувањето на нациите и државите во Европа, современите политички системи, граѓанското општество и индивидуалните права на луѓето, во тогашниот момент не наишле на приемливост ниту кај македонските асоцијации со десниграѓанска, идеологија ниту кај оние со лева и комунистичка идеологија. Тој самиот не бил комунист по убедување, но за него биле прифатливи новите струења меѓу македонските револуционерни и политички сили за прифаќање на новите сојузници во националноослободителната борба, комунистичките партии, Коминтерната и Советскиот Сојуз, и на масовната револуционерна борба или социјалната револуција која ќе донесе решение и на националното прашање. Токму затоа и бил приврзаник на остварувањето на идеите и на принципите на Мајскиот манифест од 1924 г. Тоа пак му ја донело смртната пресуда од страна на ВМРО и на Иван Михајлов кој не можел да толерира еден таков интелектуалец и врвен познавач на правото и промотор на концепцијата за македонска држава-македонски народ (нација).

Основачите на ВМРО (обединета) иако ги прифатиле сите определби за автономна, самостојна и независна и обединета Македонија, во рамките на балканска федерација и ги внеле во Уставот и во другите програмски документи усвоени на Основачката конференција во октомври 1925 година, и во оние, донесени подоцна, на Првата општа редовна конференција од 1929 година, не се определиле за држава-нација, иако се залагале за самоопределување на Македонија и за нејзино конституирање во посебна државнополитичка единица. Во нејзините документи и на страниците на нејзиниот орган в. *Македонско дело* не била промовирана ниту терминологијата за Македонци, држава-нација што ја посочувал Славчо Ковачев уште во периодот 1921–1923 г. Но, во почетокот на триесеттите години,  започнале да се менуваат ставовите на ВМРО (об) и по однос на јасното манифестирање на македонската национална свест. Во првиот период, акцентот бил ставен, пред сѐ, на политичкото и на класно-социјалното решавање на македонското прашање, поддржано од комунистичките партии и прифатено од македонските комунисти во трите дела на поделена Македонија.

Сепак, заслужуваат внимание теоретските погледи на македонското национално прашање и на нацијата и државата, изнесени од страна на уште еден Македонец, со правничко европско образование, стекнато во Париз и во Брисел, доктор на правните науки, Павел Шатев[22].

Кај Павел Шатев, како Македонец, и покрај сите притисоци од туѓите пропаганди врз Македонците, опстоило и се зацврстило самосознанието за посебноста на македонскиот народ и на македонското националноослободително дело, за правото на Македонија да се конституира во независна национална и слободна држава на Балканот.

Како резултат на неговата улога во раководството на ВМРО (об), на неговите познавања од повеќе области и на афинитетот кон пишаниот збор, на страниците на *Македонско дело* се појавиле, од 1925 до 1929 година, над 20 прилози потпишани со неговото име и презиме. Во овој публицистички опус на Шатев во споменатиот период, сепак приоритетно место има неговиот интерес за расветлување на аспектите на македонското националноослободително дело. Шатев настојувал, со силата на изнесените аргументи преку пишан збор, да ги обликува, да ги синтетизира, да ги популаризира и да ги брани сите релевантни фактори за постоењето на македонското дело, како македонско, национално општонародно, самостојно, посебно и различно од другите национални, (бугарско, грчко, српско, албанско) дела на Балканот.

---

[22] Павел Шатев е роден во Кратово, 1882 г. Се школувал во своето родно место, во Скопје и во Солун. Бил член на гемициската група македонски револуционери, еден од преживеаните во солунските атентати во 1903 г., По ослободувањето од заточеништвото во 1908 г., Шатев заминал во Европа и таму, во Париз и во Брисел, се стекнал со високо правничко образование и стана доктор на правни наука. Учествувал во Првата светска војна. Меѓу двете светски војни, Шатев бил активен во Привремената комисија на македонската емиграција, во МЕФО, бил посредник во преговорите помеѓу ВМРО и Советскиот Сојуз, за обединување на македонското револуционерно движење, бил еден од основачите и ракоодителите на ВМРО (обединета). Припаѓал на националфедератвната струја во раководството на таа организација. Од 1931 г. до 1944 г., живеел во Софија, Бугарија. За време на Втората светска војна, во 1942 г., од бугарските судски власти, бил осуден на 15 години затвор како антифашист. По ослободувањето на федерална Македонија, се враќа во слободната татковина и се вклучува, со своето занење, со стручноста и искуството во изградбата на НРМ, но, во 1948 г., е осомничен од македонската власт како непријател и е ставен во домашен притвор, во Битола каде, изолиран и оставен без основна нега, умира во 1951 г.

Тоа македонско национално дело, според Шатев, израснало низ сите борби, духовни, световни, политички и економски, кои се преплетуваат и заемно се дополнуваат.[23] Оценувајќи ги како македонски сите востанија од XI век до Илинденското востание и сите други форми на отпор по Првата светска војна, против српскиот, грчкиот и бугарскиот режим во Македонија, тој констатира дека македонското население, низ сите нив ја манифестирало својата *„општонародна желба за самостоен поснoсен национално-политички и економски живот“*[24]. Всушност, во продолжение на десетици години, македонскиот народ покажал голема храброст и самопожртвуваност: *„да си создаде едно самостојно политичко опстојување како единствен македонски народ, да се развива слободно во културнопросветен однос, да соработува во политички и економски однос со сите други народи во балканските држави...“*[25]

Македонското националноослободително движење подолго време ги изразувало стремежите на Македонците *„да се создаде една татковина, една одделна слободна држава“*[26] и, според Шатев, токму во тоа била и смислата на сите борби, востанија, бунтови и терористички акции во минатото. Овие и уште други негови анализи и сознанија го навеле, уште во текот на 1926 година, да го формулира кристално јасно идеалот на Македонците којшто прозвучува и како своевидна дефиниција, а тоа е: *„идеалот на Македонците е создавање на татковина, една одделна македонска држава, со македонска нација, со своја историја и со свој самостоен политички и културен живот“*.[27] Павел Шатев, во своите теоретски размисли за решавање на македонското прашање, не само како политичко туку и како национално, ја прифаќал и југословенската федерација. Во време на парламентарните избори во Кралството СХС, во 1927 година, тој излегол со становиште дека може да се прифати таквото решавање, но откако во Југославија ќе се извршат длабоки револуционерни и демократски

---

[23] Павел Шатев, Македонското дело. Во: Македонско дело, год. 1, бр. 3–4, 25. X 1925, 5.

[24] Ibidem

[25] П. Шатев: Македонското национално ослободително движење. Во:. Македонско дело, год. 1, бр. 11, 10. II 1926, 3.

[26] Ididem

[27] Ibidem

промени и таа да се преуреди врз федеративен принципи, да им се признаат и дадат им се дадат на Македонците, национални права, како на посебен јужнословенски народ, да им се признае „*националниот принцип, да се создадат одделна политичка единица, држава со свој парламент или национален совет, во кој ќе се создадат закони коишто би одговарале на духот на нивните желби и стремежи - да се работи на заштита на нивните национални, стопански и културни потреби*".[28]

Иако бавно и со многу пречки кои доаѓаа не само од асимилаторската политика и од репресиите во режимите во балканските држави меѓу кои беше поделена Македонија, како и од незаинтересираноста на големите држави во нивните балкански политики да го внесат фактот за постоењето на македонскиот народ, како одделен балкански народ, дел од македонските национални политички сили, особено тие од ВМРО (об), дел од старите револуционери и помлади интелектуалци и студенти, во почетокот на 30-тите години на XX век, во трите дела на Македонија и среде многубројната македонска емиграција во Бугарија, започнале отворено да ја афирмираат вистината за македонската национална посебност, односно за македонската нација. Тоа не останало без соодветни реакции од Коминтерната и од Советскиот Сојуз кои биле заинтересирани да ги вклучат и да ги задржат националните движења во рамките на заедничкиот револуционерен фронт на Балканот, под раководство на комунистичките партии.

Извршниот комитет на Коминтерната, во повеќе писма упатени до раководствата на комунистичките партии на Балканот, во периодот од 1929 до 1932 година, го анимирал прашањето за засилена работа среде националноослободителните движења и организации на Балканот, посебно кон македонското, со укажување дека, покрај класносоцијалниот аспект, треба повеќе да се нагласува националниот аспект, да се истакнуваат националните барања на непризнатите народи и на национални малцинства. Коминтерната, согледувајќи дека историското време наложува признавање на она што се случува во Македонија по однос на пројавувањето на македонската нација која бара своја држава, ги поддржува гледиштата на македонското прогресивно движење кое било особено афирмативно меѓу македонската емиграција во

[28] П.П.: Какво искат Македонците. Во: Македонско дело, год. II, 20. VIII 1927/48,3.

Бугарија и ја прифаќа реалноста за постоењето на македонската нација. Васил Ивановски Бистришки, кој беше современик на сите овие процеси околу разјаснувањето на карактерот на македонското национално прашање и на државотворните атрибути на македонскиот народ, забележал дека токму во редовите на ВМРО (об) тоа било поставено и решено. „*Мракот на заблудите дефинитивно е раскинат и отфрлен на страна а пред светот излезе еден народ со избистрено национално сознание.*"[29] Во тоа избистрување, голема улога имаше теоретскиот труд за македонската нација, подготвен во текот на 1933 и објавен во 1934 година, токму од Васил Ивановски во којшто тој, аргументирано, јасно и објективно одговори на прашањето „Зошто ние Македонците сме одделна нација". Според него, постоењето на македонската нација е факт, зашто таа ги има сите елементи на една самостојна нација, има своја територија, економска целина, свој јазик и општонационален карактер и своја македонска историја, но нејзиното постоење „*треба да им се посочи на сите, зашто тоа ќе ја олесни до голема степен нашата националноослободителна борба*".[30] Во објаснувањето на сите наведени карактеристики на македонската нација посебно го подвлекол значењето на македонската историја. „*Целата таа македонска историја не е само пројава на македонската нација, не е само нејзин стремеж кон своја национална држава, туку таа македонска историја истовремено е елемент којшто го дооформува и доопределува самостојниот карактер на македонската нација*".[31] За разлика од претходните размисли и концепции околу формирањето на политичка нација, држава-нација со сите граѓани, во случајот се работи за одделување на мнозинскиот народ од припадниците на другите националности: „*Власи, Евреи, Турци, Грци, Албанци, Роми, кои се наоѓаат во една територија со македонската нација, иако нивниот економски живот непосредно е поврзан со последната, тие националности не влегуваат во македонската нација, бидејќи секоја од нив си има специфичен карактер.*"[32]

---

[29] Васил Ивновски: Зошто ние Македонците сме одделна нација. ВО: Избрани дела, Предговор, редакција и коментар Иван Катарџиев. Скопје: Архив на Македонија, Матица Македонска, 1995, 210.

[30] Ibidem, 92.

[31] Ibidem, 97.

[32] Ibidem.

Првото меѓународно признавање на македонската нација и на правото на формирање национална држава на македонскиот народ дојде од страна на Коминтерната во 1934 г.[33] Тоа беше најпогодниот начин да се бара, и во рамките на балканските држави, признавање на национални, клутурни и просветни права на Македонците, како можност да се негува и да се зацврстува македонската национална свест, јазикот, културата, историјата и слично. Тоа и се поставуваше од страна на Македонците во сите три дела на Македонија и среде македонската емиграција во Бугарија. Во вардарскиот дел на Македонија, оваа национална програма за остварување на национално-државните барања на македонскиот народ, како посебна државна единица, рамноправна со другите, во преуредена Југославија на федеративен принципи ја актуализира и за популаризира Македонскиот народен покрет - МАНАПО од 1936 до 1939 г.[34] Како резултат на споменатата афирмација на македонскиот национален идентитет меѓу двете светски војни, во годините на Втората светска војна се разви националноослободителното движење на македонскиот народ во трите дела на Македонија и, преку атнифашистичката и националноослободителната борба, се бараше реализирање и на нациналното ослободување и на самоопределувањето на македонскиот народ и конституирањето национална држава.

Македонските револуционерни и политички сили, и покрај повеќето обиди, не успаеаја да постигнат таков висок степен на политички консензус и национално единство за да ги реализираат државотворните стремежи на македонскиот народ на целата негова етничка територија. Во текот на Втората светска војна, македонскиот народ ги оствари тие стремежи со своето учество во

---

[33] БКП, Коминтернът и македонският въпрос (1917-1945), Том втори. Во: Архивите говорат: София: Главно управление на Архивите, 5,1999, 881-884; Истата резолуција, малку изменета, е објавена како Резолуција на ЦК ВМРО (об) во: Македонско дело, год. VIII бр. 185 (април 1943), 1.

[34] Докумети за борбата на македонскиот народ за самостојност и за национална држава, том втори. Скопје: Универзитет „Св. Кирил и Методиј", 1981, 145. (Во програмата на МАНАПО, усвоена на состанокот во Охрид, во летото 1936 г. барањето за признавање на националниот и на федеративниот принцип се нагласени во точките 2 и 3. Во нив стои: „Признавање на Македонија за једна историска јединица и Македонците за посебен народ. 3. У федеративно уредена Југославија има да биде посебна единица").

антифашистичката и националноослободителна борба со конституирањето на македонската федерална држава во рамките на федеративна Југославија, со слободно изразената волја, преку одлуките на Првото заседание на АСНОМ и со прифаќењето на одлуките на Второто заседание на АВНОЈ.

Признавањето на југословенските народи како конститутивни и носители на суверенитетот во федералните држави и на федерацијата, недвосмислено и децидно беше изнесено во Одлуката за градење на Југославија врз федеративен принцип, усвоена на Второто заседание на АВНОЈ. Тие народи се: Србите, Хрватите, Словенците, Македонците и Црногорците, односно народите на Србија, Хрватска, Словенија, Македонија, Црна Гора и Босна и Херцеговина.[35] Сите тие народи, надвор од границите на Југославија немаа своја матична национална држава, затоа државноста ја оствbooија преку конституирањето на федереалните држави во југословенската федерација. За националните малцинства се гарантираше обезбедување на сите национални права.[36] Македонскиот јазик исто така доби рамноправен статус во федерацијата.[37] Конститутивниот статус на македонскиот народ и рамноправниот

---

[35] Nešović S., Petranović B.: Avnoj i revolucija, Tematska zbirka dokumenata 1941-1945. Beograd: Narodna knjiga, 1983, str. 452 (Во Одлука за изградба на Југославије на федеративен принцип, Јајце, 29-30 новември 1943. „*2. За да се оствари принципот на суверенитетот на народите на Југославија, Југославија да претставува вистинска татковина на сите народи и никогаш повеќе да не постане татковина на било која хегемонистичка клика, Југославија се изградува и ќе се изгради на федеративен принцип, кој ќе обезбеди полна рамноправност на Србите, Хрватите, Словенците, Македонците и Црногорците, односно на народите на Србија, Хрватска, Словенија, Македонија, Црна Гора и Босна и Херцеговина“.).*

[36] Ibidem, 452. („*4. На националните малцинства во Југославија ќе им се обезбедат сите национални права“.*).

[37] Ibidem, 465-466, (Во Одлуката за објавување на одлуките и прогласите на Антифашистичкото собрание на народното ослободување, на српски, на хрватски, на словенечки и на македонски јазик, стои дека: „1. *Сите одлуки и прогласи на АВНОЈ и на неговото Претседателство како врховна законодавна власт и на Националниот комитет на ослободувањето на Југославија како извршна и наредбодавна власт во Југославија како целина во званичните изданија на АВНОЈ и Националниот комитет на ослободувањето на Југославија да се објавуваат на српски, хрватски, словенечки и македонски јазик. Сите овие јазици се рамноправни на целата територија на Југославија“...3. Поради сегашните технички тешкотии, АВНОЈ и НКОЈ своите одлуки ќе ги објавуваат во своите изданија на еден или друг од наведените јазици, а земските собранија обврзани се задолжително да ги прогласат на јазиците на своите народи“*).

статус на македонскиот јазик се потврди и преку Законот за името на државата и државниот грб.[38]

Конституирањето на македонската држава, како демократска држава на македонскиот народ, доби свој легитимитет преку неговата слободноизразена волја, преку делегатите на Првото заседание на АСНОМ, со конституирањето на АСНОМ во врховно, законодавно и извршно тело на Македонија, со усвојувањето на одлуката за воведување на македонскиот јазик како единствен службен јазик во македонската држава, во прогласувањето на Илинден за народен и државен празник и други.[39]

Признавањето на мнозинскиот народ како носител на суверенитетот на државноста во федералните единици во југословенската федерација, беше прифатено од македонскиот народ затоа што тоа беше во согласност со интересот македонскиот народ за формирање македонска национална држава, изнесено во концепциите и во програмите на повеќето македонски асоцијации меѓу двете светски војни и прифатено во програмата на Комунистичката партија на Југославија. Сепак, не беше реализирано барањето за обединување на Македонија и на македонскиот народ кој остана во границите на Бугарија и на Грција. За кратко, таму беа остварени само  дел од барањата за признавање на национални и културно-просветни права на Македонците во Пиринска Македонија (1944-1948) и за време на Граѓанската војна во рамките на ДАГ (1946-1949). Токму поради статусот на Македонците во другите балкански држави, по Втората светска војна, тие, како и Македонците во дијаспората, ја чувствуваат амакедонската национална држава, во Југословенаската федерација како македонска матична држва.

(Рецензент: *проф. д-р Виолета Ачкоска*)

[38] Ibidem, 503 („*3. Државниот грб на Демократска федеративна Југославија се состои од пет запалени факели кои ги претставуваат петте обединети народи, чии црвени пламени се обединуваат во еден пламен... Факелот и пламенот се обвиткани со жолто класје од пченица и со сина панделка со натпис: Демократска федеративна Југославија на српски, хрватски, словенечки и македонски јазик*“.)

[39] АСНОМ, Документи од Првото и Второто заседание на АСНОМ. Том I, кн. 1, Скопје: Арехив на Македонија, 1984, 154–166.

Darinka PETRESKA

# THE CONCEPTIONS FOR REALIZING OF MACEDONIAN STATE BETWEEN THE TWO WORLD WARS AND THE CONSTITUTION OF ASNOM MACEDONIA LIKE NATIONAL COUNTRY OF THE MACEDONIAN PEOPLE

**Apstract**

*Since the beginning of the organized macedonian nationalliberational and revolutionary movement in the last decades of the XIX century until the foundation of ASNOM-Macedonia, the one of the most important courses of the macedonian revolutionaries, the leading political and national forces and patriots, was realizing the platform for constitution of macedonian state.*

*Like a result of good objective conditions created during the Second World War with participation of the macedonian people in the frames of antifascist coalition of the democratic and freedomloved peoples in the world and the strong decidion of the subjective factor-the leading forces of the macedonian national-liberational movement to stand on the recongnizing of the national identity of the Macedonians in the frames of the resistant movements in the balkan countries, specialy in Yugoslavia, the conception for macedonian national state was realized.*

***Key words:*** *MACEDONIA, STATE, NATION, AUTONOMY, INDEPENDENCE, FEDERATION, ORGANIZATION, SOCIETY, GROUP, PROGRAM, CONCEPTION, PLATFORM, ASNOM.*